Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневни настани 30.01.2024

По преземени мерки и активности, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Кочани при СВР Штип расчистија две кривични дела „тешка кражба" и едно кривично дело „тешка кражба во обид" извршени на 29.01.2024 на територијата на општина Кочани од бутик, автоперална и сендвичара, од каде се одземени разни предмети и пари. Поради постоење основи на сомнение дека се сторители на делата, во полициска станица биле повикани двајца малолетници од Кочани. Во службен разговор тие си признале кривичните дела. Украдените предмети биле пронајдени и вратени на оштетените граѓани. По целосно документирање на случаите, против них ќе бидат поднесени соодветни пријави.

Полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, вчера (29 јануари) околу 17 часот и 15 минути во гостиварска Горна Бањица лишиле од слобода малолетник од населба Фазанерија. Тој се сомничи дека на 27-ми овој месец во Гостивар извршил разбојничка кражба над друг малолетник од населбата Циглана и му одзел личен предмет. Одземениот предмет вчера е пронајден и вратен на мајката на малолетникот. По целосно документирање на случајот, против малолетникот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.01.2024 во 16.30 часот во Скопје на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Е.(21) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.01.2024 во 21.45 часот на булеварот „Туристичка" во Охрид, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид го лишиле од слобода Н.М.(49) од Охрид. При преглед во патничко возило „опел зафира" со охридски регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.01.2024 во 09.50 часот на Граничен премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода С.Е.(27) од Република Албанија затоа што при гранична проверка било констатирано дека евидирал со мерка „алса" по барање на Секторот за меѓународна полициска соработка - Интерпол. Лицето било предадено на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 29.01.2024 околу 12.30 часот во близина на Граничен премин Кафасан, при обид за илегален излез од државата, кај место викано „Боровје", полициски службеници го лишиле од слобода Ф.П.(19) од Република Албанија поради тоа што не поседувал документ за идентификација. Тој бил задржан во Полициска станица за граничен надзор Франгово за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (29.01.2024) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 139 возачи. Од нив осум возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 67 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 72 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (29.01.2024) продолжи со акциските контроли во областа на сообраќајот.Само на територијата на град Скопје изречени се вкупно 124 мерки, меѓу кои 13 санкции за непочитување на брзината на движење, 13 мерки за возење без возачка дозвола, една санкција за управување под дејство на алкохол, три мерки за поминување на црвено светло на затворен семафор...

На 29.01.2024 во 12.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од бул. „Босна и Херцеговина" со ул.„Тале Христов" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „фолксваген пасат" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.В.(43) и патничко моторно возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Н.(29), двајцата од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Д.Н. констатирани во приватна болница во Скопје, додека со телесни повреди се здобил М.В., констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.01.2024 во 22.30 часот во ОВР Неготино било пријавено дека на регионалниот пат Кавадарци - Неготино, кај место викано „Антена", патничко моторно возило „фиат стило" со кавадаречки регистарски ознаки, управувано од Д.С.(24) од Кавадарци, излетало од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Д.С. констатирани во Општа болница Кавадарци. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Неготино.

На 29.01.2024 во 17.20 часот во Полициската станица Бит Пазар, А.А.(24) од Скопје пријавил дека на ул.„Адем Демачи" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 29.01.2024 во 17.30 часот во Полициското одделение Арачиново, Н.Б.(48) од с.Арачиново, скопско, пријавила дека во селото нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 29.01.2024 во 12.50 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Љ.Д.(73) од с.Волково, скопско, пријавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

На 29.01.2024 на место викано „Дабово" атар на с.Дворište, беровско, полициски службеници од Одделението за внатрешни Берово, врз основа на судска наредба, извршиле претрес на дом и други простории кои ги користи Д.С.(47) од истото село. При претресот биле пронајдени и одземени една ловечка пушка „Бајкал" калибар 16 мм и повеќе ловечки патрони калибар 16 мм, кои нелегално ги поседувал. По целосно документирање на случајот против Д.С. ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Т.А.(70) од Дебар поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „узурпација на недвижност" и „бесправно градење". Тој, на катастарска парцела во државна сопственост, во атарот на дебарското село Елевци, неовластено и без соодветно одобрение издадено од надлежен државен орган, изградил куќа и помошен објект со што се стекнал со противправна имотна корист.

На 29.01.2024 во 17.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје го привеле Ш.А.(40) од Скопје. Тој се сомничи дека во текот на денот во угостителски објект на подрачје на Чаир, сопственост на М.Б.(56) од Скопје, со тврд предмет го скршил стаклото од излогот и упатил закани на сопственикот. Притоа, со повреди се здобил М.Б., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.01.2024 во 18.10 часот во СВР Скопје, К.Т.(22) од Скопје пријавил дека околу 12.30 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од сопственикот на објектот М.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.01.2024 во 19.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во продажен објект на подрачјето на Кисела Вода бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.Ј.(43) и Б.А.П.(25), двете од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.01.2024 во 17.45 часот во СВР Скопје, Б.Р.(34) од Скопје пријавил дека на паркинг простор пред трговски центар на подрачјето на Чаир, по претходно недоразбирање во сообраќајот, физички бил нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.01.2024 во 10.50 часот во СВР Скопје, 42-годишна жена од Скопје пријавила дека во нејзината адвокатска канцеларија на подрачје на Центар - Скопје била физички нападната од Д.Д. од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 29.01.2024 во 19.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во продажен објект на подрачје на подрачје на Аеродром – Скопје едно лице со закана кон вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.01.2024 во 09.30 часот во СВР Скопје, 57 - годишен маж пријавил дека на 27.01.2024 во автобус на Јавно претпријатие Скопје, на подрачје на општина Аеродром во Скопје, едно повозрасно машко лице ја допирало по телото неговата малолетна ќерка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.01.2024 во 20.30 часот во ОВР Македонски Брод, Н.Ј.(66) од с.Пласница пријавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

На 29.01.2024 во 09.00 часот во СВР Битола, Т.С.(63) од Битола пријавил дека во кругот на „ЗОО Битола" бил каснат од куче скитник.

На 29.01.2024 во 11.00 часот во СВР Тетово, 37-годишната тетовка Х.Е. пријавила дека на улица „Борис Кидрич" во Тетово била касната од куче скитник.

На 29.01.2024 во СВР Тетово, 36 - годишниот А.М. од тетовско Горно Палчиште пријавил дека во селото бил каснат од куче скитник.

На 29.01.2024 во 18.40 часот, В.Н.(21) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улица „Методија Стојаноски" во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Битола поднесе кривична пријава против С.Н.(57) од с.Долно Манстирец, општина Македонски Брод, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба". Во период од 25.12.2023 до 03.01.2024 во атар на с.Долно Манастирец, пријавениот бесправно исекол огревно дрво од имот сопственост на друго лице.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против К.С.(25) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 05.09.2023 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)23112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет